**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-50/9**

**Скопје, 07.03.2006година**

## ГРАДСКА БИБЛИОТЕКА - БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ - СКОПЈЕ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Градската библиотека Браќа Миладиновци – сметка за приходи наплатени од органи, за 2004 година, кои се прикажани на страните 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема вршено ревизија, ниту има издадено било каков извештај за финансиските извештаи на Градската библиотека Браќа Миладиновци – сметка на приходи наплатени од органи, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Милован Стефановски, директор во периодот од 09.12.2002 година до 03.10.2005 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 12.01.2006 до 12.02.2006 година , од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Танка Блажевска, Помошник на главниот државен ревизор;
   - Јадранка Бошкоска, Самостоен ревизор;
   - Љубица Тошевска, Самостоен ревизор;
   - Марина Величковска, Ревизор за легислатива и
   - Сашко Геразов, Ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 27.02.2006 година со писмо број 1104 50/7 примени се забелешки по Претходниот извештај на овластениот државен ревизор од страна на г-дин Милован Стефановски, директор на Градската библиотека Браќа Миладиновци – Скопје, во годината која е предмет на ревизија. Истите се разгледани и е констатирано следното:

    - Забелешката по точката 10.1.1. дадена од г-дин Милован Стефановски, не се прифаќа, бидејќи го потврдува наодот, објаснувајќи ја притоа причината за користењето на компензациите како воспоставена пракса во меѓусебното затварање на побарувањата и обврските.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилности во искажување на приходите/расходите**

11.1.1. Неданочните приходи во Билансот на приходи и расходи во износ од 1.726 илјади денари се остварени по основ на закупнини од издаден деловен простор. Од вкупно остварените приходи од закупнини, 908 илјади денари или 53 % се приходи евидентирани по пат на компензации со корисниците на просторот и тоа:

- дел од корисниците на простор: Југоимпекс, Инфобит и Лицеум од Скопје, своите обврски по основ на закуп ги компензираат со побарувања за извршена адаптација на простор, опремување и други градежни работи извршени во Библиотеката во вкупен износ од 700 илјади денари,
- дел со вредноста на откупените уметнички слики од корисниците на простор: Ордев Данчо, Стојанка Манева Чуповска и Институтот Данте Алигери, чија вредност е проценета од страна на директорот и секретарот на Библиотеката, во износ од 208 илјади денари.

Ревизијата не се увери дека корисниците на простор во своите фактури, реално и објективно ја утврдуваат вредноста на извршените услугите, како основ за компензација, со оглед на фактот што во прилог на фактурите нема поткрепувачка документација, ниту има одговорно лице што врши надзор над изведувањето на работите и кое би требало да ја потврди

веродостојноста на фактурите. Потребата од адаптации и други градежни работи не е потврдена и одобрени од страна на Управниот одбор на Библиотеката. Со извршените компензации средствата кои требало да се остварат од закупнини, наместо да се наменат за основната дејност на библиотеката – набавка на книги, се користат за вршење на услуги од страна на корисниците на простор, без спроведување на законски утврдена постапка за набавка и без да се оцени оправданоста од истите, што има за ефект осиромашување на книжниот фонд на Библиотеката.

**Препораки и мерки:**

1. Да се напушти праксата на мегусебното затварање на побарувањата и обврските со компензации за да можат реално и објективно да се буџетираат приходите кои треба да се остварат преку оваа сметка и да се применуваат одредбите од Законот за јавни набавки.

11.2. **Ненаменско и незаконско користење на средства**

11.2.1. Библиотеката Браќа Миладиновци заклучно со 31.12.2004 година издавала под закуп простор од 1046 м2 на 14 корисници, спротивно на Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат. Дел од договорите со корисниците на простор се раскинати поради тоа што со Одлука на Владата од април 2004 година, дел од имотот на Градската библиотека е даден на користење на Кинотеката на Македонија. Останатите договори во 2004 и 2005 година, се продолжени за една или повеќе години, непочитувајќи го при тоа известувањето на Министерството за култура, сите договори кои се склучени по влегувањето во сила на споменатиот Законот, да се раскинат. Ревизијата констатира дека за издадениот деловен простор под закуп не е спроведена постапка по пат на јавно надавање, а цените по м2 изнајмен простор се движат од 1 - 6 ЕУР месечно, за што директно одлучува директорот на библиотеката. (Прилог 1). Ваквата состојба има за последица неосновано остварен приход за библиотеката и помалку уплатени средства во Буџетот на РМ.

11.2.2. Библиотеката - Браќа Миладиновци без Одлука на Управниот одбор, ги користи услугите од ТД за градежништво и молерофарбарски работи Црвен трендафил А.Д.Скопје, во вкупен износ од 107 илјади денари, без спроведена постапка за набавка од мала вредност, спротивно на Законот за јавни набавки. Ревизијата не можеше да се увери во веродостојноста на извршените работи наведени во фактурите, што може да има за ефект неосновано трошење на средства.

11.2.3. Ревизијата констатира дека Библиотеката во постапките пред судовите ги користи услугите на надворешно лице – адвокат, иако согласно членот 5 и 10 од Законот за јавното правобранителство, на барање на Библиотеката, треба да ја застапува јавниот правобранител. За адвокатските услуги, Библиотеката во 2004 година исплатила вкупно 258 илјади денари, од кои само од сметката за приходи наплатени од органи, 129 илјади денари. Библиотеката, адвокатските услуги ги користела во 2003 година и во 2005 година, за што вкупно потрошила 427 илјади денари од двете сметки. Со оглед дека за судските спорови Библиотеката не била застапувана од јавното правобранителство, ревизијата е на мислење дека во постапките пред судовите Библиотеката можела да биде застапувана од лицето кое работи на

правни работи во библиотекатата (правник без положен правосуден испит), со оглед на тоа дека вредноста на споровите за кои е водена судска постапка е под 1 000 илјада денари. Ревизијата укажува дека иако предметите се позитивно решени, доколку се почитувале законските прописи, овие средства би се намениле за други потреби на Библиотеката.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во Библиотеката, да ги почитуваата одредбите од Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат.
2. Управниот одбор во рамките на своите надлежности да ја оценува потрбата од инвестирање преку донесување на Одлуки со кои ќе се прецизираат начинот и постапката на нивната реализација.
3. Доколку во Библиотеката дојде до поведување на судска постапка во врска со одредени спорови, одговорното лице во Библиотеката да се обрати навреме до Јавното правобранителство за натамошна постапка.

12. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти, финансиската состојба на Градската библиотека Браќа Миладиновци - сметка за приходи наплатени од органи под 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11. Градската Библиотека – Браќа Миладиновци – сметка за приходи наплатени од органи не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. **Прифатени и корегирани неправилности од страна на Библиотеката во текот на ревизијата**

14.1.1 Во периодот на вршење на ревизијата а со цел усогласување на сметководството со принципот на парично искажување и начелата на буџетско евидентирање, на предлог на ревизијата, Библиотеката ги изврши следните корекции со налог за книжење бр. 18:

- Изворите на капитални средства се намалувааат за 50 илјади денари во корист на Пасивните временски разграничувања поради погрешно книжење на данок од добивка;
- Вишокот на приходи се намалува за 99 илјади денари во корист на Пасивните временски разграничувања, а со цел усогласување на вишокот на приходи со салдото на Паричните средства;
- Активните временски разграничувања се намалуваат за 3 илјади денари во корист на Побарувањата од купувачи поради усогласување со буџетскиот принцип на евидентирање и
- Пренесениот вишок на приходи од претходната година, како приход во тековната година, се намалува за 127 илјади денари, согласно состојбата на паричните средства на почетокот на годината.

**Скопје, 06.03.2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Танка Блажевска**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 1,726 | 1,385 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 41 | 228 |
| **Вкупно приходи** | | **1,767** | **1,613** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и други услуги | 3.2.1. | 452 | 674 |
| Тековни трансфери | 3.2.2. | 25 | 168 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **477** | **842** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.3.1. | 1,097 | 604 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1,097** | **604** |
| **Вкупно расходи** | | **1,574** | **1,446** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **193** | **167** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 193 | 41 |
| Побарувања | 4.1.2. | 748 | 513 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3. | 22 | 51 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 133 | 344 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,096** | **949** |
| **Вкупна актива** | | **1,096** | **949** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 110 | 399 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.2.2. | 23 | 14 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.3. | 963 | 492 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1,096** | **905** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | | 0 | 43 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **0** | **43** |
| **Вкупна пасива** | | **1,096** | **948** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА

000 ден.

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **43** | **-** | **43** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавка на плативи обрасци во централен магацин | - | | **-** |
| Набавка на регистарски таблички во централен магацин | - | | **-** |
| Вишок по попис во магацините на СВР | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Продадени плативи обрасци во СВР | - | | **-** |
| Продадени регистарски таблички во СВР | | | **-** |
| Продадени обрасци од централен магацин со трбовање | - | | **-** |
| Кусок во централен магацин по попис | | | **-** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **43** | **-** | **43** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------